**Известување за концентрација со која Акрос Медиа Холдинг а.с. од Словачка ќе стекне самостојна контрола над Адриатик Адвертајзинг д.о.о. од Србија, И&Ф Медиабрандс д.о.о. од Србија, И&Ф Акаунтинг д.о.о. од Србија, И&Ф Локомотива д.о.о. од Србија и Медиа Пул д.о.о. од Србија**

**(предмет бр. 08-144 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.09.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Акрос Медиа Холдинг а.с. со регистирано седиште на Јелениа 3131/1, Братислава, Словачка над друштвата: Адриатик Адвертајзинг д.о.о, друштво со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, Србија, И&Ф Медиабрандс д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, Србија, И&Ф Акаунтинг д.о.о. со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград, И&Ф Локомотива д.о.о., со регистрирано седиште на ул. Теразије бр. 7-9 / Стари Град, Белград Србија и Медиа Пул со седиште на ул. Џорџа Вајферта бр. 78, Белград,Србија, по пат на купопродажба на удели.

-**Акрос Медиа** е дел од Акрос Групацијата, една од најстабилните и најбрзо растечките инвестициски групи во централноевропскиот регион, активна во областа на управувањето со средства и богатството, гостопримството, недвижностите, приватниот капитал и претприемачки капитал. Седиштето на Акрос Групацијата е во Братислава, Словачка и е активно на пазарот од 2002 година. Акрос Групацијата не е активна во С. Македонија.

-**Адриатик Адвертајзинг д.о.о.** е менаџмент компанија која обезбедува услуги за функција за поддршка само на своите зависни друштва. Адриатик Адвертајзинг д.о.о. е активно во С. Македонија преку своите зависни друштва во целосна сопственост:

-**Агенција за маркетинг комуникации и услуги МекКен ДООЕЛ Скопје** со регистарски број 5185785, со регистрирано седиште е на булевар 8 Септември бр. 16, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност-марктинг агенција и

-**Друштво за маркетинг комуникации и услуги Ад+Вентуре ДООЕЛ Скопје** со регистарски број 7251912, со регистрирано седиште на булевар Партизански одреди бр. 26А-1/2 и со регистрирана приоритетна дејност- марктинг агенција.

-**И&Ф Медиабрандс д.о.о.** е друштво основано согласно законите на Србија, менаџмент компанија која обезбедува услуги за функција за поддршка само на своите зависни друштва. И&Ф Медиабрандс е активно во С. Македонија преку своето зависно друштво- **Друштво за маркетинг комуникации и услуги Универзал Медиа ДООЕЛ Скопје**, со седиште на булевар 8 септември бр. 16, Скопје и регистрирана приоритетна дејност-маркетинг агенција.

-**И&Ф Акаунтинг д.о.о.** е друштво основано согласно законите на Србија, дава сметководствени, книговодствени и услуги за пресметка на плати и даночни известувања. И&Ф Акаунтинг не е активно во С. Македонија.

**-И&Ф Локомотива д.о.о.** е друштво основано согласно законите на Србија. И&Ф Локомотива д.о.о. специјализира во развој на комплексни софтверски решенија за компании и професионални услуги за создавање на вредност, како и решенија за електронска трговија. И&Ф Локомотива не е активно во С. Македонија.

**-Медиа Пул д.о.о.** е е друштво основано согласно законите на Србија и е компанија за купување на медиумски простор која купува медиумски простор од различен тип на медиуми (ТВ, печатени медиуми, интернет и други) и го продава тој медиумски простор на своите клиенти. Медиа Пул не е активно во С. Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

04.10.2023 година

Скопје